OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**Коментар**

за остварените финансиски резултати на Охридска банка АД Скопје во периодот јануари – декември 2017 година

**<u>Билансот на состојба</u>** на Охридска банка АД Скопје на крајот од 2017 година изнесува 35.209 милиони денари и е во линија со планираното ниво. Во споредба со крајот на 2016 година, вкупниот биланс е на пониско ниво за 612 милиони денари или за 1,7 % , како резултат на оптимизирањето во делот на резидуалните краткорочни обврски, посебно во делот на странските кредитни линии и расположливите ликвидни средства, со истовремен пораст на комерцијалните активности и пласманите на комитентите на Банката. Заради регулаторни барања, обезбедени се дополнителни субординирани средства од Сосиете Женерал.

Депозитите на комитентите, со учество од 75,7 %, се доминантен извор на финансирање на активностите на Банката.
Депозитите од комитентите во анализираниот период бележат пораст за 159 милиони денари споредено со претходната година, при што планираниот износ за овој период е надминат за 10,8 %. Депозитите на правни лица бележат намалување за 3,1 %, при што средствата на трансакциските сметки се на пониско ниво, додека орочените депозити бележат пораст. На движењето на депозитите од правни лица значајно влијание имаат комерцијалниот и рочниот карактер на истите, односно се поврзани со комерцијалните потреби на клиентите и соодветно имаат поголеми промени во кратки рокови, како и приспособувањето на ценовната политика на Банката. Депозитите на физички лица бележат зголемување од 5,7 %, при што депозитите по видување бележат пораст од 4,8 %, додека орочените депозити пораст од 6,3 %.

Од аспект на рочната структура, најголемо учество имаат депозитите по видување, кои учествуваат со 43,7 %, следат долгорочно орочените со 25,8 %, краткорочно орочените со 23,6 % и ограничените со 6,9 %.
Во однос на валутната структура, чисто денарските депозити со крајот на 2017 година учествуваат со 49,6 %, следат депозитите во евра со 39,0 %, депозитите во американски долари со 6,9 % и депозитите во други валути со 2,9 %, како и денарските депозити со евроклаузула со 1,6 %.

Средствата од меѓународните финансиски институции имаат учество во вкупните обврски од 13,7 %, во кои се застапени кредитните линии од ЕИБ, ЕБРД, ЦЕБ, МБПР, ГГФ, ЕФСЕ и субординираните кредити од „Сосиете женерал“.

Во делот на средствата од меѓународните финансиски институции, покрај редовните отплати на достасаните рати, во текот на 2017 година, како резултат на оптимизирањето во делот на резидуалните краткорочни обврски и расположливите ликвидни средства, имаме предвремена отплата на дел од користените кредитни линии.

Поради промена во домашната регулатива, којашто произлегува од имплементацијата на Базелските капитални барања, во септември 2017 година се обезбедени дополнителни субординирани средства во износ од 15 милиони евра на 10 години од Сосиете Женерал.

Промените кај капиталот во основа се резултат на алокацијата на профитот од претходната година на Банката во нераспределена добивка, што е во согласност со планот на Банката за јакнење на капиталната основа на Банката како поддршка за пораст на комерцијалните активности на Банката.

На страната на активата, расположливите средства во најголем дел се алоцирани во комерцијални пласмани на клиенти што учествуваат со 73,4 %, при што вкупните бруто-кредити достигнаа ниво од 27.592 милиони денари и на годишно ниво бележат пораст за 2.035 милиони денари, или за 7,9 %, и се во согласност со планираниот износ. Од аспект на рочната структура, 67,02 % од кредитите се долгорочни, 26,3 % се краткорочни, додека нефункционалните кредити учествуваат со 6,9 %. Во однос на валутната структура, денарските кредити со валутна клаузула учествуваат со 46,8 %, чисто денарските кредити со 38,8 %, додека девизните кредити со 14,4 %.

Нивото и структурата на ликвидните средства се одржуваат во согласност со ликвидносните потреби на Банката и на комитентите, со почитување на регулаторните и групациските барања во однос на валутната усогласеност на средствата и обврските, интерните акти, потребите за исполнување на просечното ниво на задолжителна резерва, како и со успешното менаџирање на поголемите одливи и плаќања на комитентите во текот на годината.

**Кумулативниот реализиран финансиски резултат** пред оданочувањето, за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017 г. изнесува 388 милиони денари и е резултат на порастот на нето-приходите од камати и нето-приходите од провизии, зголемувањето на нето-приходите од курсни разлики, зголемувањето на другите приходи, но и повисокиот раст на исправката на вредноста на финансиските средства. Споредено со остварениот резултат за истиот период минатата година, овој резултат е за 20,5 % понизок, а во однос на планираниот е понизок за 29 % поради значајното влијание на порастот на исправката на вредноста на финансиските средства.

Нето-приходите од камати на крајот од 2017 година изнесуваат 1.182,3 милиони денари и во однос на претходната година се зголемени за 27,2 милиони денари, или за 2,4 % и се во согласност со планираното.
Каматните приходи се пониски од минатата година поради значителното намалување на каматната стапка кај кредитите на правни лица и цикличниот карактер во движењето на овие пласмани, која во дел беше компензирана со зголемен обем, додека кај пласманите во хартии од вредност имаме значително намалување на каматната стапка поради што е намален и обемот. Приходите од камати од пласмани на кредити во население, и покрај влијанието на пониската просечна каматна стапка, бележат континуиран и стабилен раст, благодарение на стабилниот раст и зголеменото ниво на овие пласмани.
Каматните трошоци забележуваат намалување за 12,6 % како резултат на прилагодување на каматните стапки на депозитите на клиентите согласно условите на пазарот, како и оптимизирање во делот на резидуални краткорочни обврски со расположливите ликвидни средства.

Нето-приходот од провизии и надоместоци, во износ од 280,7 милиони денари, е зголемен за 10,5 милиони денари, или за 3,9 %, во однос на минатата година, со реализација на планот од 91,3 %. Приходите од провизии и надоместоци бележат посилен раст од 24,5 милиони денари и се поврзани со растот на комерцијалните активности на Банката, додека зголемувањето на трошоците за провизии и надоместоци изнесува 14,0 милиони денари, а врз него поголемо влијание имаа активностите поврзани со картичното работење.

Нето-приходите од курсни разлики изнесуваат 125,5 милиони денари и се зголемени за 12,4 милиони денари или за 11 % во споредба со истиот период од минатата година, со реализација над планот за соодветниот период од 14 %.

Другите приходи изнесуваат 65,2 милиони денари, а во нив е вклучена реализираната капитална добивка од продажба на недвижност во Охрид, како и остварените приходи по основа на продажба на побарувања.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа на крајот од 2017 година изнесува 490 милиони денари и е повисока во споредба со истиот период минатата година поради повисоката исправка кај два поголеми клиента, кои во 2017 се соочија со тешкотии во исполнувањето на обврските, па беа преземени активности за наплата на побарувањата.

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – декември изнесуваат 775,7 милиони денари, се во линија со планираното, а споредено со претходната година, бележат зголемување од 48,7 милиони денари, или 6,7 %, во услови на зголемен обем на активности и вкупно работење на Банката. Повисоки оперативни трошоци се забележани кај трошоците за вработените, амортизацијата, трошоците поврзани со картичното работење, телекомуникациските услуги и технологија, трошоците за кирии, и се поврзани со соодветниот зголемен обем активности, додека намалување има кај трошоците за маркетинг и комуникации, трошоците за осигурување на имот и вработени и намалување на премијата за осигурување на депозити поврзано со намалувањето на годишната стапка на премијата на осигурување во ноември 2017 г.

**Промени во сметководствените политики и методи на вреднување**
Во 2017 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

**Исплатени дивиденди.** Во согласност со Одлуката за употреба и за распределување на остварената добивка на Охридска банка АД за 2016 година и Одлуката за распределба на дивидендата и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2016 година, донесена на седницата на Собранието на Банката, одржана на 11.5.2017 година, делот од добивката во износ од 43.420 илјади денари се распоредува за исплата на дивиденда на акционерите, при што износот на бруто-дивиденда по акција изнесува 99 денари. Во 2017 година Банката изврши исплата на дивиденда на акционерите иматели на обични акции во вкупен износ од 41.279 илјади денари.

**Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**
Недвижностите и опремата на крајот од 2017 година изнесуваат 738,5 милиони денари, споредено со 761,6 милиони денари на крајот од 2016 г., што ја вклучува реализираната продажба на недвижност во Охрид.

**Промени во кредитните задолжувања.** Обврските по кредитни линии на крајот од 2017 година изнесуваат 3.007 милиони денари, односно бележат намалување од 1.829 милиони денари, кое е резултат на предвремена отплата на дел од користените средства и редовни отплати на достасаните рати.

**Очекувања за следниот период.** Стратегијата на ОБСЖ за наредните години останува насочена кон постигнување одржлив и профитабилен раст со освојување дополнително пазарно учество во трите пазарни сегменти: индивидуални клиенти, МСП (мали и средни

претпријатија) и големи корпоративни клиенти (домашни и меѓународни компании). Секако, кај секој од овие сегменти ќе се прави избор на клиентите што се сметаат за најквалитетни и најмалку ризични, клиенти правни лица кои имаат стабилен профитабилен раст и развој и индивидуални клиенти кои имаат стабилни приходи, вработени во солидни компании, клиенти вработени во јавната администрација. Дополнителен сегмент, на кој што во наредниов период ќе се стави поголем фокус, се дел од општините и јавните претпријатија во РМ, и тоа исклучиво тие што остваруваат позитивни финансиски резултати и имаат одржливи и општествено корисни проекти.

Фокусот ќе биде ставен на развивање долгорочни и стабилни односи со постојните и со новите корпоративни и индивидуални клиенти од дефинираните целни групи, каде што Банката ќе биде препознаена како партнер, притоа користејќи што е можно поголем број производи и услуги (пакет на производи). Главен приоритет на Банката во наредниот период ќе биде обезбедувањето врвна услуга. Во исто време ќе се интензивираат напорите при „вкрстената продажба“ и зголемување на стапката на бројот на производи по клиент. Во оваа насока, веќе воспоставената успешна соработка меѓу корпоративниот и индивидуалниот сектор ќе се интензивира уште повеќе со цел да се зголеми задоволството на клиентите, со истовремена корист на Банката од друга страна.

Покрај кредитните производи, целта е да се продадат што е можно поголем број други производи и услуги, вклучувајќи ги и депозитите, каде што исто така е предвиден раст на депозитната база кај сите сегменти клиенти. Притоа, фокусот е ставен на стабилноста и на безбедноста, наспроти цената. Депозитната база е  основен извор кој го обезбедува и кредитниот раст на Банката. На страната на изворите за финансирање, кредитните линии од меѓународните финансиски институции остануваат значаен извор за подобрување на конкурентската предност на Банката.

## Биланс на успех за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017

| | Белешка | во илјади денари<br>тековна година 2017 | претходна година 2016 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 1,521,596 | 1,543,345 |
| Расходи за камата | | (339,326) | (388,183) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | **1,182,270** | **1,155,162** |
| | | | |
| Приходи од провизии и надомести | | 437,879 | 413,338 |
| Расходи за провизии и надомести | | (157,099) | (143,119) |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | **280,780** | **270,218** |
| | | | |
| Нето-приходи од тргување | 8 | 0 | 0 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | 0 | 0 |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 125,530 | 113,103 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 65,220 | 23,761 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | (489,985) | (345,799) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | 0 | (1,413) |
| Трошоци за вработените | 14 | (325,348) | (295,217) |
| Амортизација | 15 | (85,290) | (78,967) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (365,139) | (352,879) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **388,038** | **487,969** |
| | | | |
| Данок од добивка | 17 | (37,019) | (52,966) |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **351,019** | **435,003** |
| | | | |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **351,019** | **435,003** |
| | | | |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| малцинското учество | | | |
| | | | |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | 800.34 | 991.83 |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | 800.34 | 991.83 |

**Биланс на состојба на ден 31.12.2017**

| | | во илјади денари | |
|---|---|---|---|
| | | тековна година | претходна година |
| | Белешка | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
| **Актива** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 6,578,005 | 7,289,327 |
| Средства за тргување | 19 | 0 | 0 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | 0 | 0 |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 76 | 449,667 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 25,857,200 | 24,123,136 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 1,870,264 | 3,064,442 |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина“) | 24 | 0 | 0 |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 12,002 | 0 |
| Останати побарувања | 25 | 85,180 | 73,325 |
| Заложени средства | 26 | 0 | 0 |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 0 | 0 |
| Нематеријални средства | 28 | 67,772 | 59,323 |
| Недвижности и опрема | 29 | 738,532 | 761,565 |
| Одложени даночни средства | 30.2 | 0 | 0 |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | 0 | 0 |
| **Вкупна актива** | | **35,209,031** | **35,820,785** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | 0 | 0 |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 33 | 0 | 0 |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 |
| Депозити на банките | 34.1 | 101,008 | 239,836 |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 26,651,058 | 26,491,945 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | 0 | 0 |
| Обврски по кредити | 36 | 3,007,355 | 4,836,394 |
| Субординирани обврски | 37 | 1,802,930 | 870,489 |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 84,996 | 66,706 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 0 | 10,862 |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | 0 | 0 |
| Останати обврски | 39 | 234,529 | 284,997 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | 0 | 0 |
| **Вкупно обврски** | | **31,881,876** | **32,801,229** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,162,253 | 1,162,253 |
| Премии од акции | | 127,228 | 127,228 |
| Сопствени акции | | 0 | 0 |
| Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | | | |
| Други сопственички инструменти | | 0 | 0 |
| Ревалоризациски резерви | | 8,369 | 8,369 |
| Останати резерви | | 122,597 | 122,597 |
| Задржана добивка/(Акумулирани загуби) | | 1,906,708 | 1,599,109 |
| **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | | **3,327,155** | **3,019,556** |
| Малцинско учество* | | 0 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **3,327,155** | **3,019,556** |
| | | | |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **35,209,031** | **35,820,785** |
| | | | |
| Потенцијални обврски | 42 | 16,057,535 | 14,971,175 |
| Потенцијални средства | 42 | 0 | 0 |

| Извештај за сеопфатна добивка за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| | | *во илјади денари* | |
| | Белешка | тековна година 2017 | претходна година 2016 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **351,019** | **435,003** |
| | | | |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)** | | | |
| Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | | | |
| -нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | | - | - |
| -реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатените побарувања | | - | - |
| -ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | | - | - |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласифицирано во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | | |
| -нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| -реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| **Вкупно останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успехот** | | **0** | **0** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | **351,019** | **435,003** |
| | | | |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година,која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | 351,019 | 435,003 |
| неконтролирано учество | | - | - |

**Извештај за паричниот тек за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017**

| | | *во илјади денари* | |
|---|---|---|---|
| | Белешка | тековна година 2017 | претходна година 2016 |
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(загуба) пред оданочувањето | | 388,038 | 487,970 |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | 0 | 0 |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | 26,648 | 20,651 |
| недвижности и опрема | | 58,643 | 58,316 |
| Капиталната добивка од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | (9,277) | (516) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | (1,410) | (862) |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | 0 | 0 |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 200 |
| Приходи од камата | | (1,521,596) | (1,543,344) |
| Расходи за камата | | 339,326 | 388,183 |
| Нето-приходи од тргување | | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста | | 514,542 | 366,037 |
| ослободена исправка на вредноста | | (24,558) | (20,238) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | 0 | 1,413 |
| ослободени загуби поради оштетување | | 0 | 0 |
| Посебна резерва | | | |
| дополнителни резервирања | | 23,080 | 17,932 |
| ослободени резервирања | | (4,791) | (6,523) |
| Приходи од дивиденди | | (4,176) | (3,657) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | 0 | 0 |
| Останати корекции | | 0 | 0 |
| Наплатени камати | | 1,522,687 | 1,540,138 |
| Платени камати | | (331,480) | (392,096) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | | **975,674** | **913,604** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | | 450,090 | (447,249) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | (2,253,132) | (3,107,692) |
| Заложени средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 5,652 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | (53,665) | (45,760) |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни односи | | 0 | 0 |
| Останати побарувања | | (55,838) | 7,046 |
| Одложени даночни средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | 0 | 0 |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Депозити на банки | | (138,828) | 170,372 |
| Депозити на други комитенти | | 159,112 | 2,920,706 |
| Останати обврски | | (25,725) | 18,694 |
| | | | |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | | **(942,313)** | **435,373** |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | (59,883) | (64,223) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | **(1,002,196)** | **371,150** |

| | | *во МКД илјади* | |
|---|---|---|---|
| | Белешка | тековна година 2017 | претходна година 2016 |
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложување во хартии од вредност) | | (1,910,282) | (4,035,185) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 3,104,459 | 3,388,617 |
| | | | |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | 0 | 0 |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | 0 | 0 |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (35,097) | (28,021) |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | | |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (57,227) | (30,226) |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | 36,073 | 1,457 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | 0 | 0 |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | 0 | 0 |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | **1,137,925** | **(703,358)** |
| | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | 0 | 0 |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | 0 | 0 |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (6,390,390) | (3,677,580) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 4,563,453 | 3,072,657 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | (23,109) | (7,734) |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | 945,603 | 6,145 |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | 0 | 0 |
| (Откуп на сопствени акции) | | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | | 0 | 0 |
| (Платени дивиденди) | | (41,279) | (37,685) |
| (Останати одливи од финансирањето) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од финансирањето | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **(945,722)** | **(644,197)** |
| | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквивале | | 159 | 52 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| | | | |
| **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквивале** | | **(809,834)** | **(976,353)** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 6,065,372 | 7,041,725 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | | **5,255,538** | **6,065,372** |

**Извештај за промените во капиталот и резервите за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017**

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | расположива за распределба на акционерите | ограничена за распределба на акционерите | Акумулирани загуби | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | Неконтролирано учество* | **Вкупно капитал и резерви** |
| На 1 јануари 2016 (претходна година) | 1,162,253 | 127,228 | 0 | 0 | 0 | 8,369 | 0 | 0 | 0 | 122,597 | 0 | 0 | 39,911 | 1,164,106 | 0 | **2,624,464** | 0 | **2,624,464** |
| Корекции на почетната состојба | | | | | | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **На 1 јануари 2016(претходна година), коригирано** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка / (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43,420 | 391,583 | 0 | **435,003** | 0 | **435,003** |
| **Останати добивки / (загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на паричните текови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| -ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | **0** |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **43,420** | **391,583** | **0** | **435,003** | **0** | **435,003** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за законска резерва | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за останати резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Дивиденди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | (39,911) | 0 | 0 | **(39,911)** | 0 | **(39,911)** |
| Откуп на сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите - преднос од издвоени резерви за купување сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **(39,911)** | **0** | **0** | **(39,911)** | **0** | **0** |
| **На 31 декември 2016(претходна година) / На 1 јануари 2017(тековна година)** | **1,162,253** | **127,228** | **0** | **0** | **0** | **8,369** | **0** | **0** | **0** | **122,597** | **0** | **0** | **43,420** | **1,555,689** | **0** | **3,019,556** | **0** | **3,019,556** |
| **Сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка / (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,112 | 315,907 | 0 | **351,019** | 0 | **351,019** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | **0** | | **0** |
| **Останати добивки / (загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех** | | | | | | | | | | | | | | | | **0** | | **0** |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на паричните текови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| -ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот*** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **35,112** | **315,907** | **0** | **351,019** | **0** | **351,019** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за законска резерва | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за останати резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Дивиденди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | (43,420) | 0 | 0 | **(43,420)** | 0 | **(43,420)** |
| Откуп на сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **(43,420)** | **0** | **0** | **(43,420)** | **0** | **(43,420)** |
| **На 31 декември 2017 (тековна година)** | **1,162,253** | **127,228** | **0** | **0** | **0** | **8,369** | **0** | **0** | **0** | **122,597** | **0** | **0** | **35,112** | **1,871,596** | **0** | **3,327,155** | **0** | **3,327,155** |